**4025.**

Врз основа на член 4-а став (6) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 31 октомври 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА МИСЛЕЊАТА ЗА ПРОЕКТИРАНИОТ И ИЗВЕДЕНИОТ СТЕПЕН НА МЕХАНИЧКА ОТПОРНОСТ, СТАБИЛНОСТ И СЕИЗМИЧКА ЗАШТИТА НА ГРАДБИТЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите бр.0202-459 од 23.8.2023 година, донесен од Управниот одбор на Приватниот научен институт за земјотресно инженерство и климатски промени Скопје, на седницата, одржана на 28.8.2023 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8739/12
31 октомври 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**4026.**

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 31 октомври 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА НА СУРОВА ВОДА НАМЕНЕТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХИДРОСИСТЕМ ЗЛЕТОВИЦА - ПРОБИШТИП ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2024-2026 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за регулиран период 2024-2026 година, бр.02-658/13 од 30.8.2023 година, донесен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 30.8.2023 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9066/10
31 октомври 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**4027.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 31 октомври 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари - објекти, кои се наоѓаат на ул. „Војни објект“ бб, во Скопје, на КП бр.1/1, КО Мралино, и тоа:

- зграда бр.127, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 1099 м2,
- зграда бр.127, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДЗД, со внатрешна површина од 2302 м2,
- зграда бр.127, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Х, со внатрешна површина од 304 м2,
- зграда бр.127, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ВВ, со внатрешна површина од 13 м2 и
- зграда бр.128, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Г, со внатрешна површина од 973 м2,

во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9115/4
31 октомври 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**4028.**

Врз основа на член 47 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 31 октомври 2023 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ**

Член 1

Да се изврши продажба на движни ствари - патнички моторни возила за старо железо, сопственост на Република Северна Македонија, чиј корисник е Министерството за финансии и тоа: